# З А П И С Н И К
**од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,
одржана на 22.1.2018 година**

**Скопје, јануари 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.1.2018 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, м-р Борче Петревски, национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 46-та и 47-та седница на Владата на Република Македонија, одржани на 28.12.2017 година и 4.1.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Предлог-програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2018 година

2. Информација за добивање на согласност од Владата на Република Македонија за давање во закуп недвижни ствари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлуки

3. Годишна инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2018 година

4. Информација за Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2018 година, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

5. Информација за воведување на проектот „Субвенциониран студентски оброк и други студентски потреби“

**в) политички систем**

6. Информација за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

7. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со набавката на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа-Општа болница Струмица

8. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со набавката на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа-Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

9. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с.Драгоманце, Старо Нагоричане

**б) политички систем**

10. Предлог-одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**д) други предлози**

11. Извештај на Комисијата за приватизација по Барањето бр.22-6049/6 од 13.11.2017 година, за купопродажба на 160 обични акции издадени од Тутунски комбинат АД Прилеп, поднесено од Гордана Аџи-Спирковска, разгледано како точка 1 на седницата на Комисијата за приватизација, одржана на 16.1.2018 година

12. Кадровски прашања

13. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

14. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за период јули-септември 2017 година

15. Тримесечен извештај за работењето на ЈП Македонски железници-Инфраструктура за период од 1.7 до 30.9.2017 година

16. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“-Битола, во периодот од 1.7.2017 до 30.9.2017 година

17. Програма за користење на средства за 2018 година на Агенцијата за управување со одземен имот

18. Годишен финансиски план на расходи по квартали за 2018 година, Квартален финансиски план на расходи по месеци за квартал М1/М3 за 2018 година и Годишна програма за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2018 година

19. Годишна програма за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2018 година

20. Програма за работа на Дирекцијата за заштита и спасување за 2018 година

21. Информација за активностите на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам поврзани со целите на Планот 3-6-9

22. Информација за тековните и планираните активности на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам - потреба за продолжување на рокот за изработување на националните стратегии и акциски планови

23. Годишен оперативен и финансиски план на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи со фокус на потребите за 2018 година

24. Годишна програма за работа на Државен санитарен и здравствен инспекторат за 2018 година, со Финансиски план

25. Програма за работа на ЈНУ Институт за национална историја за 2018 година

26. Информација со Програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2018 година

27. Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2018 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

28. Предлог-програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2018 година

29. Предлог-програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2018 година

30. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2018 година

31. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2018 година

32. Предлог-одлука за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

33. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои Записниците од 46-та и 47-та седница на Владата на Република Македонија, одржани на 28.12.2017 година и 4.1.2018 година.

*

*     *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на „Управен комитет на Конзорциумот за зајакнување на изборните и политичките процеси и Владата на Република Македонија за поддршка на спроведување на клучни реформи“, со Преглед на приоритети и активности за поддршка од УСАИД и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат ко-претседавачите на Управниот комитет, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, да ја информираат Владата за напредокот во реализација на предвидените активности најмалку на квартално ниво.

2. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Министерството за информатичко општество и администрација да достават информација

за потребите од ангажирање на експертска помош во рамките на утврдените столбови, согласно обврските кои произлегуваат од Планот 3 6 9+, најдоцна до 25.1.2018 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност од Владата на Република Македонија за давање во закуп недвижни ствари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (дел од кровна површина на објектот во зграда бр.1 влез 1, со површина од 40 м2, кој се наоѓа на ул.„Свети Кирил и Методиј“ бр.54 во Скопје),

2. Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (дел од кровна површина на објектот во зграда бр.1 влез 1, со површина од 35 м2, кој се наоѓа на ул.„Свети Кирил и Методиј“ бр.54 во Скопје),

3. Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (дел од кровна површина на објектот во зграда бр.2 влез 1, со површина од 12 м2, кој се наоѓа на „Кеј Димитар Влахов“ бр.4 во Скопје) и

4. Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (дел од кровна површина на објектот во зграда бр.2 влез 1, со површина од 10,25 м2, кој се наоѓа на „Кеј Димитар Влахов“ бр.4 во Скопје) во предложените текстови.

**Точка 3**

Владата по Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2018 година го донесе текстот на Одлуката за давање согласност на годишната Инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Македонија за 2018 година, редактиран со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2018 година, со Предлог - одлука и дополнување кон неа, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање

согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2018 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи дополнителните податоци согласно Мислењето на Министерството за финансии, Јавното претпријатие за државни патишта, да ги достави до Министерството за финансии.

**Точка 5**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воведување на проектот „Субвенциониран студентски оброк и други студентски потреби“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување инвестициска клима за домашни компании д-р Зоран Шапуриќ и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски, да обезбедат соодветна регулатива и упатства за практична примена, како и искуства од земјите во кои веќе постојат вакви или слични проекти и истите да бидат преведени на македонски јазик, најдоцна до 28.2.2018 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за економија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Кабинетот на министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување инвестициска клима за домашни компании, д-р Зоран Шапуриќ, најдоцна до 31.5.2018 година, да подготви предлог-законски и подзаконски акти за имплементација на проектот ,,Субвенциониран студентски оброк и други студентски потреби” во Република Македонија.

3. Се задолжуваат министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување инвестициска клима за домашни компании д-р Зоран Шапуриќ, министерот за образование и наука, д-р Рената Тренеска Дескоска и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски по донесувањето на законските и подзаконските акти за имплементација на проектот „Субвенциониран студентски оброк и други студентски потреби” во Република Македонија, а врз нивна основа до Владата да предложат финансиска конструкција за спроведување на Проектот.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да продолжи со втората етапа на процесот за изработка на Стратегискиот одбранбен преглед и натамошен развој на предлог-текстот на Стратегијата за одбрана, согласно планираната динамика, до крајот на март 2018 година.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Агенцијата за разузнавање,

преку своите номинирани претставници, да продолжат активно и посветено да придонесуваат во процесот за изработка на Стратегискиот одбранбен преглед-втора етапа, до крајот на март 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за одбрана најдоцна до 13 април 2018 година да ја информира Владата за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед.

## Точка 7

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со набавката на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа-Општа болница Струмица, ја усвои Информацијата и заклучи да го измени Заклучокот бр. 1, точка 89, донесен по Информацијата за набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа-Општа болница Струмица, на 67-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.9.2016 година, кој да гласи:

„1. Владата даде согласност за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа-Општа болница Струмица, во вкупна вредност од 150.000.000,00 денари, со следниов начин и динамика на плаќање и тоа: 20.000.000,00 денари во 2018 година, 65.000.000,00 денари во 2019 година и 65.000.000,00 денари во 2020 година.“.

## Точка 8

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со набавката на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа-Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо – Охрид, ја усвои Информацијата и заклучи да го измени Заклучокот бр. 1, точка 90, донесен по Информацијата за набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во Јавната здравствена установа-Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид, од 67-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.9.2016 година, кој да гласи:

„1. Владата даде согласност за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид во вкупна вредност од 120.000.000,00 денари, со следниов начин и динамика на плаќање и тоа: 20.000.000,00 денари во 2018 година, 50.000.000,00 денари во 2019 година и 50.000.000,00 денари во 2020 година.“.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с.Драгоманце, Старо Нагоричане, имајќи ја предвид целокупната документација доставена кон Барањето за пренос на уделот, Уверението за платени даноци и придонеси од 18.1.2018 година

издадено од Управата за јавни приходи, како и усно изнесеното позитивно Мислење на Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

Истовремено¸ Владата заклучи трошоците за акцизата и данокот на додадена вредност за отстапените количини на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати да бидат на товар на Министерството за одбрана.

**Точка 11**

Владата го разгледа и го усвои Извештајот на Комисијата за приватизација по Барањето бр.22-6049/6 од 13.11.2017 година, за купопродажба на 160 обични акции издадени од Тутунски комбинат АД Прилеп, поднесено од Гордана Аџи-Спирковска, разгледано како точка 1 на седницата на Комисијата за приватизација, одржана на 16.1.2018 година, односно не го прифати барањето бр. 22-6049/6 од 13.11.2017 година, за купопродажба на 160 обични акции издадени од Тутунски комбинат АД Прилеп, поднесено од Гордана Аџи-Спиркоска, имајќи го предвид мислењето на Министерство за економија бр. 22-6049/11 од 4.12.2017 година поради следниве причини:

- Владата па Република Македонија веќе поседува мнозински пакет во компанијата (предметните 160 акции изнесуваат само 0,01% од вкупно издадените акции во друштвото);
- Предметните акции се нудат по висока цена (налогот од брокерот е даден од страна на акционерот, за продажба на цена по акција, поголема или еднаква на 3.150 денари), односно еднаква на номиналната цена по акција;
- Оваа трансакција претставува трошок за Владата, ако се јави како купувач (за ангажирање на брокер и за реализација на трансакцијата), кој не е предвиден во Буџетот.

**Точка 12**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 13**

**1.** Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски ги информираше членовите на Владата дека до министерствата ќе биде доставен допис во врска со забрана на употребата на флешери и полициски сирени на возилата кои се употребуваат во министерствата и органите во состав на министерствата, а кои според закон немаат право истите да ги користат.

Согласно ова, флешерите и полициските сирени треба да се отстранат од сите вакви возила за што наскоро ќе следи контрола од страна на Министерството за внатрешни работи

**2.** Владата се информираше со Известувањето од Управата за јавни приходи, во однос на новата процедура за пресметување на данок преку поднесување на Електронска пресметка на приход и данок (е-ППД) до Управата за јавни приходи, на новиот систем е-Персонален

данок (e-pdd.ujp.gov.mk) и заклучи да го достави до сите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа за нивно запознавање/постапување.

**3.** По повод измените во составот на Владата на Република Македонија, а во врска со Точка 44, Заклучок 2, донесен на Шеесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.4.2015 година, со кој се определува тогашниот заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за финансии, м-р Зоран Ставрески, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исланд за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се определува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, во име на Владата на Република Македонија, да го потшише Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исланд за поттикнување и заемна заштита на инвестициите.“.

**4.** Министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, ги информираше членовите на Владата за добиените извештаи од министерствата кои согласно Заклучок 1 од Извадокот од Нацрт-записникот од 42-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.12.2017 година, беа задолжени да достават информации за службените трошоци направени во рамките на предвидениот буџет во првите шест месеци од преземањето на функциите за министрите, замениците на министрите, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

**5.** Согласно укажувањето на Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, а во врска со Статусот на реализација на листата на акти и материјали коишто министерствата согласно закон се обврзаа да ги објават на своите веб страници (заклучок од 34-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 31.10.2017 година, Точка 1), Владата ги задолжи Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука и Министерството за локална самоуправа, веднаш во целост да ги објават актите и материјалите, кои не се објавени на нивните веб страници.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 9.1.2018 година до 14.1.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## <u>Точка 14</u>

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за период јули - септември 2017 година, како материјал за информирање.

## <u>Точка 15</u>

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на ЈП Македонски железници - Инфраструктура за период од 1.7 до 30.9.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 16**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево“-Битола, во периодот од 1.7.2017 до 30.9.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Програмата за користење на средства за 2018 година на Агенцијата за управување со одземен имот, како материјал за информирање, со заклучок предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии, во кое се укажува ставките за плати и надоместоци и патни и дневни расходи да бидат усогласени со Буџетот на Република Македонија за 2018 година.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот финансиски план на расходи по квартали за 2018 година, Кварталниот финансиски план на расходи по месеци за квартал М1/М3 за 2018 година и Годишната програма за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2018 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2018 година (нов текст), со заклучок предлагачот да обезбеди и во прилог на материјалот да достави мислење од Министерството за култура.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Дирекцијата за заштита и спасување за 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи сите предвидени активности да се реализираат во рамките на планираните средства во буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување за соодветната фискална година.

**Точка 21**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за активностите на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам поврзани со целите на Планот 3-6-9, поради потребата Министерството за внатрешни работи и Секретаријатот за европски прашања да достават мислење по истата.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за тековните и планираните активности на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам -

потреба за продолжување на рокот за изработување на националните стратегии и акциски планови, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да му укаже на Националниот координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, м-р Борче Петревски, уште во текот на денешниот ден да достави нов допис до надлежните министерства и други органи на државната управа за номинирање на членови и заменици членови на Националниот комитет, со цел истите да бидат активно вклучени во подготовката на националните стратегии и акциските планови, кои да бидат подготвени до крајот на февруари 2018 година, согласно роковите во Планот 3-6-9.

**Точка 23**

Владата го разгледа Годишниот оперативен и финансиски план на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи со фокус на потребите за 2018 година, како материјал за информирање, со заклучок сите предвидени активности да се реализираат во рамки на одобрениот буџет на Агенцијата за 2018 година.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Државен санитарен и здравствен инспекторат за 2018 година, со Финансиски план, како материјал за информирање.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Програмата за работа на ЈНУ Институт за национална историја за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата со нов текст на Програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика, во предложениот текст.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**м-р Радмила Шекеринска**